**План за спроведување**
**на проценка на влијанието на регулативата**

| | |
|---|---|
| **Наслов на предлог законот:** | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта |
| **Министерство:** | Министерство за внатрешни работи |
| **Лице за контакт/одговорно лице:** | Весна Доревска, помошник на министерот во Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси |
| **Очекуван датум за усвојување на предлог законот:** | |
| **Поврзаност со ЕУ директиви** | Не |

| |
|---|
| **Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**<br>**(Забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот елетронски регистар на прописи)** |

## <u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

**1. Кои се главните проблеми?** Материјата за личната карта е регулирана со Законот  за личната карта (“Службен весник на Република Македонија” бр.08/95, 38/02, 16/04, 12/05, 19/07, 10/10, 51/11 и 13/12), според кој, личната карта е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Македонија, живеалиштето и адресата на граѓанинот на Република Македонија, како и дека граѓанинот може да има само една лична карта.

Надлежен орган за издавање на лична карта согласно предметниот закон е Министерството за внатрешни работи според подрачјето на кое граѓанинот има живеалиште.

Личната карта како јавна исправа граѓанинот е должен да ја носи со себе и да ја покаже на барање на службеното лице кое со закон е овластено да легитимира.

Со предметниот закон предвидена е законска обврска секој граѓанин со наполнети 18 години живот да има лична карта, како и предвидено е дека не е дозволено давање на лична карта на друг на послуга, односно послуга со туѓа лична карта како со своја.

Давањето на лична карта на друг на послуга, односно, послугата со туѓа лична карта како со своја, преставува прекршок за кој е предвидена прекршочна санкција.

Дирекцијата за заштита на личните податоци како самостоен и независен орган при вршењето на инспекцискиот надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци и нивната заштита, утврди дека контролорите, односно обработувачите при обработката на личните податоци собираат и чуваат копии од лични карти без да имаат законска основа за тоа, односно наведената активност ја вршат иако немаат реална потреба од собирање и чување на копии од лични карти. При извршените инспекциски контроли, овој надлежен орган утврди дека без законски основ или реално утврдена потреба контролорите, односно обработувачите собираат и чуваа копии од личните карти во работните досиеа, при склучување на договори за вработување, при склучување на различни договори, при заверување на исправи и други слични документи.

Исто така, овој надлежен државен орган во постапката на инспекцискиот надзор утврди дека многу контролори, односно обработувачи ги задржуваат личните карти на граѓаните кои влегуваат во одредени службени, односно деловни простории без да е предвидена законска основа за ваквото задржување на личната карта.

Од тие причини, по поднесена иницијатива од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци, а заради обезбедување на правична и законска обработка на личните податоци, Министерството за внатрешни работи предлага да се пристапи кон изменување и дополнување на Законот за личната карта.

**2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или**

**нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта содржи решенија и содржинско допрецизирање на содржината на овој закон со Законот за заштита на личните податоци и решенија содржани во други позитивно-правни прописи.

**3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

Министерство за внатрешни работи, Дирекцијатата за заштита на личните податоци, Министерството за правда, и други надлежни министерства и органи.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

**1. Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни и анализирани се решенијата содржани Законот за заштита на личните податоци и решенија содржани во други позитивно-правни прописи.

**2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**

Во оваа фаза не се потребни дополнителни информации и податоци.

**3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?**

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

**4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

Проценката на влијание на регулативата ќе биде извршена од страна Министерството за внатрешни работи и Дирекцијатата за заштита на личните податоци, односно Министерството за правда.